ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

## за состојбата во центрите за социјална работа во Република Северна Македонија на услуги и постапки на проблематика брак и семејство во 2022 година

Скопје, октомври 2023 година

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД....................................................................................................................4
2. ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2022 ГОДИНА.....................................................................................................................5
2.1. Постапка на пружање стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи......................................................7
2.2. Мировна постапка и доверување на дете ..................................................8
2.3. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница...............8
2.4. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее .................................9
2.5. Постапување на центар за социјална работа при склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години.........................11
2.6. Надзор на вршење над родителско право ..................................................12
2.7. Одземање на родителско право.................................................................13
2.8. Спроведување на постапка по судско барање за измена на судска одлука за доверување на дете.....................................................................14
2.9. Спроведување на постапка по судско барање за привремена мерка за доверување на дете...................................................................................15
3. ДРУГИ ПОСТАПКИ ВО ЦСР НА ПРОБЛЕМАТИКА БРАК И СЕМЕЈСТВО ....................................................................................................16
4. КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА..........................................................................17
4.1. Мировна постапка и мислење за доверување на дете ...............................18
4.2. Доверување на дете родено во вонбрачна заедница ..................................18
4.3. Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете сородител со кој не живее/близок сродник ................................................18
4.4. Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице над16 години.........................................................................................................18
4.5. Надзор над вршењето на родителското право ............................................19
4.6. Одземање на родителско право...................................................................19
4.7. Измена на судска одлука за доверување на дете.........................................19
4.8. Привремена мерка за доверување на дете по барање на суд ......................19
4.9. Други постапки на проблематика брак и семејство....................................20
5. ПРЕПОРАКИ ........................................................................................................20

6. ПРИЛОЗИ .......... 22
ТП1 Преглед на број на активни постапки за нарушени брачни и партнерски односи во ЦСР во период од 1.1-31.12.2022 година .......... 22
ТП2 Преглед на број на активни мировни постапки и доверување во ЦСР во период од 1.1-31.12.2022 година .......... 23
ТП3 Преглед на број активни постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител во ЦСР во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 24
ТП4 Преглед на број активни постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител во ЦСР во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 25
ТП5 Преглед на број постапки во ЦСР за доверување на дете родено во вонбрачна заедница во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 26
ТП6 Преглед на број постапки во ЦСР за склучување на брак на малолетно лице над 16 години во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 27
ТП7 Преглед на број постапки во ЦСР за измена на судска одлука за доверување во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 28
ТП8 Преглед на број постапки во ЦСР за привремена судска мерка за доверување во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 29
ТП9 Преглед на број постапки во ЦСР на примена на мерки на надзор над вршење на родителско право во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 30
ТП10 Преглед на број на постапки во ЦСР за одземање на родителското право во период од 1.1.-31.12.2022 година .......... 31
Т 11 Преглед на други постапки на проблематика брак и семејство во ЦСР во 2022 година .......... 32

# 1. ВОВЕД

ЈУ Завод за социјални дејности е јавна установа за унапредување на социјалната заштита со законски надлежности за следење, истражување и анализа на социјалните појави и проблеми, надзор и супервизија на стручната работа, континуирана професионална едукација, унапредување на станадрдите и процедурите за стручно постапување и лиценцирање на стручни работници во установите за социјална заштита и други даватели на социјални услуги во системот на социјалната заштита.

Центар за социјална работа (во продолжение ценатар) е јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања и врши работи од социјална заштита на подрачјето на една или повеќе општини. Со примена на методи на стручна, советодавна и советовалишна работа врши работи поврзани со заштита и помош на семејството. Во одреден дел центарот, покрај надлежности определени со националното законодавство постапува и по меѓународни конвенции на начин како во нив е определено.

Во Република Северна Македонија постојат триесет центри за социјална работа чија надлежност е детектирање на социјалните ризици и преземање на мерки на помош и заштита на лица во социјален ризик, со посебна заштита на децата. Центарот спроведува постапки на лично барање, по барање на други институции, по барања и пријави од граѓани и здруженија, по анонимни пријави и по службена должност.

ЈУ Завод за социјални дејности спроведува активности за утврдување на состојбата на бројот и обемот на постапки и услуги на стручна помош и мерки на заштита на детето од областа, односно проблематика на брак и семејство. Изворот на податоците се Годишните извештаи на центрите за социјална работа за извештајната 2022 година.

Предмет на извештајот се податоците кои се однесуваатна постапките на проблематиката на брак и семејство во центрите за социјална работа во РСМ започнати во 2021 година и кои продолжиле со постапување и следење во 2022 година, како и постапки по нови барања во 2022 година.

Од годишните извештаи за постапувања на центрите за социјална работа за реализираните постапки и преземените активности се добива слика за обемот на работата, како и спецификите на одделни постапки по однос на времетраењето, а што е поврзано со закониските рокови, природата и степенот на ризик, достапноста и соработката на корисниците и на потребата од вклучување на надворешните институции и органи.

## 2. ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТРИТЕ ЗАСОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2022 ГОДИНА

Социјални услуги кои се во надлежност на центарот за социјална работа согласно законската регулатива, а се однесуваат на ризици во брак, партнерски и семејни односи, родителски односи и однос родител-дете, се услуги на советување стручна помош и подршка, а се постапува по лично барање, барање од друго лице од семејството, граѓанин, институција,здружение, анонимна пријава, како и по службена должност.

Во Прилог на извештајот се Табели со податоците за секој центар за социјална работа во РСМ од нивните годишни извештаи за периодот 1.1-31.12.2022 година.

При заштита на интересите и правата на детето главна цел на државата е да обезбеди во најголема можна мерка, услови за правилен раст и развој на детето во хармонична семејна средина во секој поглед. Родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и правилен психофизички развој на детето во семејството и во општеството. Одговорно родителство подразбира обврска на родителите за соодветна грижа во подигање, чување, воспитание, образование на детето, грижа за неговата личност и имот како и за други потреби на детето, односно за сите негови права и интереси. Особено во услови на разделеност или развод на бракот, родителите се должни да овозможат двата родитела да учествуваат во животот на детето во вршење на родителското право и должности, меѓу другото и непречено да одржуваат лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее, вклучувајќи ги и блиските сродници.

Кога детето е во состојба на ризик поради несоодветна родителска и семејна грижа и кога е загрозена неговата благососојба, напредок и развој, центарот за социјална работа како орган за старателство има улога и обврска за неговата заштита. Во таа насока центарот, согласно законските надлежности презема мерки и активности со цел заштита на личноста, правата и интересите на детето кога е утврдено одредено загрозување поради родителската и семејна дисфункционалност, одлучува во случај на несогласување од страна на родителите за одредени права на детето и во зависност од степен на запоставување, занемарување или злоупотреба на родителското право применува мерки на помош и заштита.

Постапки од областа на брак и семејство кои се спроведуваат во центарот за социјална работа кои се предмет на извештајопт и произлегуваат од Законот за семејството се:

1. Стручна помош и поддршка при нарушени партнерски, брачни и семејни односи
2. Мировна постапка и мислење за доверување на дете

3. Доверување на дете родено во вонбрачна заедница
4. Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее/близок сродник
5. Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице над 16 г.
6. Надзор над вршењето на родителското право
7. Одземање на родителско право
8. Измена на судска одлука за доверување на дете
9. Привремена мерка за доверување на дете по барање на суд

Други постапки во центар за социјална работа:

- Согласност за патување на дете во странство;
- Согласност за иселување на дете во странство и
- Постапување по Хашка конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување на деца

**Табела Т1 Преглед на број/процент на постапки во 2022 година на областа брак и семејство во ЦСР на РСМ**

| ПОСТАПКИ ВО ЦСР | Пренесени од 2021 г. | Нови во 2022 г. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи | 76 | 536 | 612 |
| Мировна постапка и доверување на дете | 378 | 1929 | 2307 |
| Доверување на дете родено во вонбрачна заедница | 29 | 202 | 231 |
| Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник | 1347 | 1170 | 2517 |
| Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице над 16 г. | 0 | 85 | 85 |
| Надзор над вршење на родителското право | 66 | 158 | 224 |
| Одземање на родителско право | 16 | 18 | 34 |
| Измена на судска одлука за доверување | 14 | 40 | 54 |
| Привремена судска мерка за доверување | 12 | 57 | 69 |
| **Вкупно** | **1938** | **4195** | **6133** |

Од податоците во табелата Т1 може да се констатира деканајмногу постапки во извештајната 2022 година се однеусваат на уредување на лични

односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник,што процентуално изнесува 41% од вкупниот број на спроведени постапки, потоа на мировна постапка и доверување на дете со 37% и стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи со 10%.

Кај сите наведени постапки во табелата 1, со исклучок на постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник, помал е процентна пренесени постапки од претходната 2021 година кое се одразува и на вкупниот процент на сите пренесени постапки (Графикон 1).

Графикон 1 Удел на пренесени постапки во 2022 година на областа брак и семејство во ЦСР на РСМ




## 2.1. Постапка на пружање стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи

Постапката за стручна помош и поддршка за надминување на нарушени брачни и семејни односи е во насока на превенција и детектирање на ризици кои можат да произлезат доколку проблемите благовремено не се надминат или ублажат.

**Графикон 2 Удел на пренесени постапки во 2022 година на стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи**




Во извештајниот период за 2022 година во сите центри во РСМ вкупно се спровеле 612 постапки по барање за стручна помош и поддршка при нарушени брачни и семејни односи. По однос на центри за социјална работа, видно од

табелата П1 во прилог, постапување за помош во надминување на партнерските конфликти има во сите центри за социјална работа, од кои најмногу во Струмица (144), Скопје (78), Гостивар (71) и Битола (60).

## 2.2. Мировна постапка и доверување на дете

Постапката за мирење на брачни партнери се спроведува во центарот за социјална работа по барање на судот, кога еден од партнерите поднел тужба за развод на брак, или пак кога двајцата партнери поднеле тужба за спогодбен развод на брак.Во случај киога брачните партнери имаат заеднички деца, се работи на усогласување на родителите за доверување на детото/децата на еден од родителите. Во случаи на несупешна мировна постапка, согласно надлежноста центарот за социјална работа е должен да ги заштити правата и интересите на детето преку проценка на капацитетите и подобноста на родителите за доверување на детето на чување и воспитување, проценка на потребите и интересите на детето по што доставува до судот извештај за исходот од постапката за мирење со предлог на мислење за доверување на детето.

**Графикон 3 Удел на пренесени мировни постапки во 2022 година во ЦСР на РСМ**




Од увидот на Графикон 3 се забележува дека во периодот од 1.1-31.12.2022 година во сите 30 центри за социјална работа се евидентирани вкупно 2307 мировни постапки од кои 84% се нови во 2022 година, а 16% се пренесени постапки од претходната година. По однос на центри за социјална работа, видно од табелата ТП2 во прилог, најмногу мировни постапки со доверување на дете биле спроведени во центарот за социјална работа во Скопје 867, Тетово 149, Куманово 135, Велес 125 и Струмица 110.

## 2.3. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница

Постапката за доверување на дете родено во вонбрачна заедница е во надлежност на центарот за социјална работа. Во рок од два месеци доколку родителите кои не живеат заедно не се спогодат кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание или договорот на родителите не е во интерес на детето решение за тоа ќе донесе центарот за социјална работа.Родителот на кого детето

не е доверено е должен да ги исполнува своите родителски права и обврски, а детето има право да му бидат овозможени непречени лични односи и контакти со тој родител, доколку од определни причини не се утврди поинаку.

**Графикот 4 Удел на пренесени постапки во 2022 година за доверување на дете родено во вонбрачна заедница**




Од податоците во табелата ТП5 во прилог, евидентно е дека од 30 центри за социјална работа во девет немало барање за поведување на оваа постапката, а во најголема мера застапена е во центрите во Струмица-55, Скопје-31 и Куманово-28.Од вкупниот број на спроведени постапки за доверување на дете родено во вонбрачна заедница во 2022 година, најголем процент 87% се однесува на нови барања.

## 2.4. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее

Центарот за социјална работа има надлежност да спроведе постапка и да го уреди односот дете-родител и дете-близок сродник во ситуации уредени со закон. Доколку во текот на постапката родителите/блиските сродници не постигнале договор околу начинот на одржување на контактите, во центарот согласно Законот за семејството,во рок од два месеци носи решение и ги уредува личните односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее односно со блиските сродници.

**Графикон 5Удел на пренесени постапки во 2022 година за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее**




Податоците во графиконот 5 укажуваат на тоа дека во 2022 година во сите центри во државата спроведени биле вкупно 2517 постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник од кои бројот на пренесени изнесува 1347, а бројот на нови постапки е 1163. Карактеристично за 2022 година е што од вкупниот број на постапки уделот на пренесените постапки од претходната 2021 година (54%) е поголем од уделот на нови барања/постапки (46%) во извештајната 2022 година. Тоа се предмети во кои постапките претходно започнале и биле активни, а продолжиле со постапување и следење во 2022 година.

**Табела Т2 Преглед на постапки во 2022 г.за уредеување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител и блиски сродници со кој не живее**

| ПОСТАПКИ | Пренесени од 2021 г. | Нови во 2022 г. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Уредување на лични односи и непосредни контакти со родител | 1285 | 1110 | **2395** |
| Уредување на лични односи и непосредни контакти со близок сродник | 62 | 60 | **122** |
| **Вкупно** | **1347** | **1170** | **2517** |

Од увидот во податоците во табелата Т2 се констатира дека од вкупниот број (2517) на постапки во центрите во 2022 година за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител и блиски сродници со кој не живее, процентотна постапките кои се однесуваат на уредување односи и контакти на дете со родител е 95 %, а само 5% се однесува на постапки за уредување на контакти на дете со близок сродник.

**Графикон 6 Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител и со блиски сродници со кој не живее**




Доколку се споредува уделот на пренесените постапки во однос на новите барања и постапувања во 2022 година, евидентно од податоците во графиконот 6 е дека во постапките во кои контактите се уредуваат со родител поголем процент се однесува на пренесените постапки, и тоа 54%. Кај постапките во кои контактите на детето се уредувале со близок сродник, податоците покажуваат дека нема значителна разлика на процентот на пренесените и новите постапки во 2022 година.

Гледано поединечно по центрите од табелата ТП3 во прилог, се констатира дека најголем број постапки за контакти на дете со родител со кој не живее се спровеле во Скопје, и тоа 1121 постапка што изнесува 45% од вкупниот број на постапките во сите центри во 2022 година. Други центри со поголем број на спроведени постапки за видувања на дете со родител се: Битола со 138, Радовиш 129, Охрид 128, Кавадарци 116 и Струмица 110.

Во однос на постапките за видувања на дете со близок сродник вкупно биле спроведени 122 постапки во 20 центри за социјална работа. Повторно најголем број или 57 постапки се спровеле во центарот во Скопје, а потоа следуваат К.Паланка со 12 постапки, Берово 8, Неготино 7, Струмица 6 и Делчево 5 (табела ТП4 во прилог).

## 2.5. Постапување на центар за социјална работа при склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години

Согласно Законот за семејство, брак може да се склучи со наполнети 18 години, а може да се дозволи и за лица со наполнети 16 години доколку достигнале духовна и телесна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во брак. Во вакви ситуации мислење треба да даде соодветна здравствена установа како и да биде укажана стручна советувалишна помош во центарот за социјална работа. Улогата на стручните работници од центарот во ситуација на склучување на брак на малолетното лице да ги согледат мотивите за склучување на брак, да ги запознаат партнерите со сите ризици и одговорност кои

што го носи брачниот живот, да ги едуцираат за семејните циклуси и да ги подготват за вршење одговорно родителство.

Во 2022 година во центрите вкупниот број на барања за склучување на малолетнички бракови изнесува 85 и нема пренесено постапки од 2021 година.

Доколку се анализира состојбата во 2022 година, евидентно од табелата ТП6 во прилог најголем број на постапки за склучување на малолетнички брак имало во Струмица 19, Прилеп и Скопје 10, Дебар 7 и Кочани и Велес по шест (6) барања. Во Куманово и Гостивар имало четири (4) барања, по три постапки се воделе во Штип и Битола, во Делчево, Кавадарци, Кичево, М.Брод по две барања.2. По една постапка по судско барање постапка се водела во Тетово, Радовиш и Гевгелија. Во останатите центри не се воделе постапки по судско барање за склучување на малолетнички брак.

## 2.6. Надзор на вршење над родителско право

Согласно законските овластувања центарот за социјална работа како орган за старателство спроведува надзор над вршењето на родителското право преку примена на стручна советодавна и советувалишна работа, предупредувања и укажувања до родители/и, но и преку определување постојан надзор како и принудни/репресивни мерки на заштита на детето со одземање, односно издвојување на детето од семејството, во најтешки ситуации и ризици и со предлози за одземање на вршење на родителските права пред надлежен суд

Надзорот над вршење на родителското право на едниот или двата родители во однос на дете опфаќа превентивни т.е. корективни и репресивни мерки. Како превентивно-корективни мерки центарот може да примени предупредување на родителите на недостатоците во воспитувањето и развојот на детето,укажување на родителите за начинот како правилно да го развиваат и воспитуваат детето, упатување на родителите сами или заедно со детето во соодветно советувалиште или некоја здравствена, социјална или воспитна установа, давање на услуга на стручна помош на родителите и на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители-деца, како и оспособување на семејството да ги остварува своите функции во секојдневниот живот преку советодавни или други методи.Овие мерки со кои центарот ги задолжува родителите се преземаат со цел подигање на родителските вештини и капацитети и превенција од нивно прогресирање во подлабока родителска негрижа која може да предизвика лоши последици по целокупниот психо-физички развој на децата.

Репресивните мерки се применуваат во случај на тешки злоупотреби на децата, кои придонесуваат за грубо кршење на најдобриот интерес на децата, како и нарушување на нивните основни права на живот и егзистенција. Тие се определни во Законот за семејството и се: решение за одземање и доверување на

дете на другиот родител, друго лице или установа; решение за ограничување или забрана на правото на родителот да одржува лични односи и непосредни контакти со детето за одреден период, (не подолго од 6 месеци); решение за престој на детето кај родителот на кого не е доверно на одреден временски период (не подолго од 15 дена); решение за времено доверување на детето на друг родител, трето лице или сместување во друго семејство или во соодветна установа; надзор на начинот на управување на имотот на детето; барање од судот заштита на имотните интереси на детето преку преземање на мерки на обезбедување врз имотот на родителите и поведува постапка за одземање на родителското право.

Според податоците за 2022 година во табелата ТП9 во прилог може да се констатира дека од триесет (30)центри во РСМ во 25 центри вкупно биле спроведени 224 постапки со примена на некоја од мерките на надзор над вршење на родителското право. Повторно во центарот во Скопје се бележи најголем процент на предмети во кои се примениле мерки од надзорот, и тоа со 46% или 104 постапки, а потоа следуваат Битола со 16 постапки, Кочани 15, Тетово 12, Кавадарци 11, Струмица 10 постапки. Примена на мерки од надзор над вршење на родителско право во 2022 година не се бележи во центрите во Дебар, Кратово, М.Брод, Прилеп и Струга.

**Графикон 7 Удел на пренесени постапки во 2022 година за спроведување надзор на вршење над родителско право**




Од графикотнот 7 е евидентно дека од вкупниот број во 2022 година, 66 постапки или 29% се пренесени од 2021 година, а во останатите 158 случаи или 71% се постапувало по нови предмети и барања и по службена должност.

## 2.7. Одземање на родителско право

Согласно законските надлежности центарот за социјална работа е должен да поведе постапка за одземање на родителското право со цел заштита на личноста, правата и интересите на детето во ситуации кога постои опасност од злоупотреба на родителското право или опасност од грубо занемарување на родителските должности. Постапката за одземање и враќање на родителското право е во надлежност на судот и се покренува од страна на центарот или од

страна на другиот родител кога постојат аргументи за злоупотреба, занемарување на вршењето на родителското право кон едно или повеќе заеднички деца.

**Графикон 8 Удел на пренесени постапки во 2022 година за одземање на родителско право**




Од графиконот 8 се констатира дека од вкупниот број на постапки 47% започнале во 2021 година и продложиле во 2022 година, а бројот на нови постапки во 2022 година изнесува 18 или 53%.

Податоците (ТП10 во прилог) покажуваат дека во текот на 2022 година во РС Македонија оваа мерка била применета во девет центри за социјална работа и вкупно е постапувано во 34 случаи. Одделно по центри е евидентно дека во центарот во Скопје и Струмицасе спровел најголем број постапки поврзани со одземање на родителското право, и тоа по 10 постапки. Во другите центри состојбата е следна: 5 постапки во Свети Николе, 4 во Гостивар, по 1 предмет во Берово, Битола, Кавадарци, Тетово и Штип. Во останатите центри (21) не се водела постапка за одземање на родителско право.

## 2.8. Спроведување на постапка по судско барање за измена на судска одлука за доверување на дете

Согласно Законот за семејството судот постапува по барање на еден од родителите или на центарот за измена на пресуда за доверување на заедничко дете или деца. Постапката за измена на одлука за доверување на детето може да се покрене во кое било време поради променети околности. Центарот учествува во постапката по барање на суд и по извршена детална проценка на сите минати и актуелни околности во кои детето живее и се развива до судот доставува извештај со мислење во однос на барањето за измена на одлуката за доверување на дете.

Според податоците од центрите за социјална работа (ТП7 во прилог), во текот на 2022 година вкупно се постапувало по педесет и четири (54) судски барања за измена на судска одлука за доверување. Според постапувањата по центрите оваа постапка се водела во тринаесет центри, и тоа најмногу постапки

имало во Скопје 12, Куманово 9 и Прилеп 7, додека во Битола, Тетово и Штип било спроведено по 4 постапки.

**Графикон 9 Удел на пренесени постапки во 2022 година за измена на судска одлука за доверување на дете**




Од графиконот 9 може да се констатира дека уделот на пренесниоте постапки од 2021 година е двојно помал од новите барања во извештајната 2022 година.

## 2.9. Спроведување на постапка по судско барање за привремена мерка за доверување на дете

Во Законот за семејството е предвидена можност за донесување на привремена мерка за доверување на дете која ја определува судот со решение, и тоа: по службена должност, по предлог на еден од родителите или на предлог на центар за социјална работа.Центарот за социјална работа може да биде подносител на барањето до судот по службена должност кога по извршена проценка констатира потреба од привремено доверување на дете на еден од родителите, а заради изложеноста на повисок степен на ризик на занемарување и/или злоупотреба на родителското право, а може и во текот на мировна постапка. Донесената одлука за оваа мерка судот може да ја укине или измени по службена должност или на барање на еден од родителите.

Евидентно до табелата ТП8 во прилог, во текот на 2022 година во единаесет центри било спроведено вкупно 69 постапки по судско барање за определување на привремена судска мерка за доверување на дете, од кои во:Скопје 25, Прилеп 15, Битола 6, Куманово 5, Струмица 9, Велес 2, Кавадарци 2 и по една постапка имало во центрите во Кочани, Тетово, Крушево и Св.Николе.

**Графикон 10 Удел на пренесени постапки во 2022 година за привремена мерка за доверување на дете по судско барање**




Евидентно од графиконот 10, од вкупниот број на постапки во 2022 година 17% се однесува на пренесени постапки од 2021 година во кои се продолжило со постапувањето во 2022 година.

## 3. ДРУГИ ПОСТАПКИ ВО ЦСР НА ПРОБЛЕМАТИКА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Другите постапки за кои центарот има надлежност да ги покрене или да учествува, а кои се во поле на следење на постапување на ЈУ Завод за социјални дејности на проблематика брак и семејство, се однесуваат на барања за согласност за издавање на патна исправа на дете и патување вон Република Северна Македонија во одредени случаеви, како и постапување по Хашка конвенција за меѓунароидно грабнување на деца и плаќање на издршка.

Во постапката за согласност за издавање на патна исправа на дете пред центарот за социјална работа двата родитела се изјаснуваат и доколку се процени оправданоста на барањето, односно кога е во интерес на детето центарот доставува до МВР мислење за издавање на патна исправа за дете.

Во текот на постапката пред центарот за издавање согласност за патување во странство на дете без присуство на родител, потребно е двата родитела да бидат информирани и да се произнесат по барањето. Кога двата родитела се согласни детето да патува со трето лице (близок сродник, наставник, тренер сл.), центарот издава потврда за согласност за патување. Кога родителите не се усогласени во ставот за патување на детето во странство, по спроведена проценка, доколку се оцени дека барањето е во интерес на детето, со решение се одобрува детето да патува во странство со трето лице. Доколку се оцени дека патувањето не е во интерес на детето, центар со решение барањето го одбива.

Центарот за социјална работа постапува по основ на Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународното грабнување на деца по барање на централен извршен орган (МТСП) кога еден од родителите поднел барање за враќање на неговото дете во Р. Македонија од другата држава или детето кое се наоѓа на територија на РСМ бара да се врати во другата државакаде родителот/барателот живее.

**Табела Т3 Преглед на број на други постапки на областа брак и семејство во 2022 година во ЦСР на РСМ**

| ПОСТАПКИ ВО ЦСР | **Број на постапки** |
|---|---|
| Согласност за издавање на патна исправа на дете | 807 |
| Согласност за патување на дете во странство | 226 |
| Постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на деца и плаќање на издршка | 12 |
| **Вкупно** | **1045** |

Согласно прегледот прикажан во табелата Т3, вкупниот број на овие постапки во сите центри во РСМ изнесува 1045, од кои во најголем број е застапена постапката за издавање на патна исправа 807, а најмалку има постапување по Хашката конвенција (12).

Од податоците во табелата ТП11 во прилог е евидентно дека по однос на вкупниот број на овие постапки по центрите, најголем број од овие постапки биле спроведени во Скопје (347), потоа воТетово 82, Гостивар 61 и Куманово 56.

## 4. КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА

Предмет на извештајот се постапките кои согласно надлежноста се спроведуваат во центарот за социјална работа во ситуации на родителската неусогласеност во однос на потребите и правата на детето, и тоа во услови на семејни и брачни конфликти, разделеност, развод и во постразводен период.

Од добиените податоци се констатира дека најголем број а постапки се однесува на уредување на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник со кој не живее. Ваквата состојба укажува на намален капацитет на родителите за одговорно родителство во услови на разделеност, развод и во постразводен период и нефункционална родителска комуникација околу потеребатаи правото на детето од комуникација и грижа на родителот со кој не живее и потреба од интервенции и стручна помош на центарот за социјална работа.

Од добиенте податоци, може да се извлечат следните заклучоци:

## 4.1. Мировна постапка и мислење за доверување на дете

Констатиранатасостојба на низок процент на пренесените мировни постапки од 2021 во 2022 година (16%)е во согласност со примена на Законот за семејството и почитување на рокови: три месеци за спроведување на постапката за мирење на брачните партнери од добивање на судското известување за покрената бракоразводна постапка по тужба на еден од брачните партнери или петнаесет дена кога постапката за развод е поведена по тужба со спогодбен предлог на брачните партнери за развод на брак.

## 4.2. Доверување на дете родено во вонбрачна заедница

Од вкупниот број на реализирани постапки за доверување на дете од вонбрачна заедница во 2022 година, најголем процент-87% се однесува на постапување нови барањаподнесени во 2022 година. По престанокот на вонбрачната заедница родителот бара доверување на детето/децата заради решавање на правниот статус на детето како и согласно законската регулатива да обезбеди одредени права и услуги за децата од социјална и детска заштита и најчесто се завршуваат ефикасно и во законски рок.

## 4.3. Уредување на лични односи и непосредни контакти на детесородител со кој не живее/близок сродник

Уделот на пренесените постапки од претходната 2021 година (54%) е поголем од уделот на новите барања/постапки (46%) во извештајната 2022 година. Ваквата состојба укажува на континуитет во постапувањата на центарот за предмети и постапки при уредување на лични односи со родител/близок сродник со кој детето не живее. Поголемиот процент на пренесените постапки, односно долг период на активни предмети се должи на:покренување и водење на второстепени постапки и постапки пред други органи (управен суд, ОЈО и др.); активности на следење на реализација на контактите, нивната евалуација и ревидирање;потреба на промена на определената динамика заради изменета фактичка состојба; развојните потреби на детето; непочитување на решение и несоработка на родител/и со центарот и др.

## 4.4. Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице над16 години.

Во 2022 година во центрите вкупниот број на барања за склучување на малолетнички бракови изнесува 85 и нема пренесено постапки од 2021 година. Оваа постапка во пракса се реализира преку еднократна информативно-едукативна средба со идни брачни партенри, понекогаш и со членови на нивните

семејства и се завршуваат во тековна година.Од пракса се добиваат информации дека кај некои етнички заедници, најчесто кај ромската обичајно е живеењето во вонбрачна заедница помеѓу едно или две малолетни лица која не се регистрира и на институционално ниво не постои прецизна евиденција за колкава бројка станува збор.

## 4.5. Надзор над вршењето на родителското право

Од добиените податоци се констатира дека од вкупниот број на постапки во 2022 година, 29 % се пренесени од 2021 година, односно во 71% случаи се постапувало по барања или по службена должност од 2022 година.Во пракса честа е примена на мерки од надзорот во постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник со цел надминување на проблеми во остварување на правата на детето и почитување на донесените акти од страна на центарот. Честа е применатa на писмени укажувања и предупредување на родителите како и упатување во друг ресурс како што се советувалишта, психијатрија и сл. Се користи и можноста согласно законот да се донесе решение со кое на еден или и на двата родители им се определува мерка надзор над вршење на родителското право во однос на дете со конкретни задолженија.

## 4.6. Одземање на родителско право

Од вкупниот број на постапкиво извештајната 2022 година, 47% биле отпочнати во 2021 г. и се пренесени во 2022 година, односно 53% се однесуваат на нови постапки кои започнале во 2022 година. Ова се постапки кои се водат пред надлежен суд и со подолг период на испитување на сите аргументи и околности пред донесување на судска одлука.

## 4.7. Измена на судска одлука за доверување на дете

Имајќи го предвид законскиот рок на постапување на центарот за социјална работа очекувано поголем е процентот на новите барања (74%) во 2022 година во однос на постапување по пренесените барања од претходната 2021 година (26%).

## 4.8. Привремена мерка за доверување на дете по барање на суд

Со оглед на итноста во постапувањето на центарот за социјална работа, очекувано е во овие постапки процентот на новите барања (83%) да е значително поголем од пренесените постапки (17%) на судските барања од претходната година.

### 4.9. Други постапки на проблематика брак и семејство

Во другите постапки во центрите за социјална работа во кои нема родителска усогласеност, а се вклучени меѓународни органи и леглислатива, прибирањето на сите релеванти податоци и информации потребни за одлучување трае подолг период и неретко постапката завршува во наредна календарска година, или трае и подолго.

## 5. ПРЕПОРАКИ

Центарот за социјална работа при спорведување на постапките во проблематика на брак и семејство да се раководи со:

- Почитување на законските надлежности и рокови;
- Примена на начелата на работа со корисниците;
- Преземање на активности и мерки на помош и заштита согласно утврден степен на ризик и капацитети на корисниците;
- Ефикасна соработка со други институции и органи;
- Соработка со ресурси во заедницата и
- Примена на „Постапки и процедури за работа на стручни работници во центар за социјална работа на проблематика брак и семејство“ на ЈУ ЗСД.

Извештајот е подготвен во
Служба за надзор над стручна работа и супервизија

**Советници:**
Аленка Бинички Арсеновскии
Емилија Раткова
Ана Павловска
Билјана Јарчевска

## 6. Прилози

**ТП1 Преглед на број на активни постапки за нарушени брачни и партнерски односи во ЦСР во период од 1.1-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 11 | 4 | 15 |
| Битола | 23 | 37 | 60 |
| Валандово | 19 | 15 | 34 |
| Велес | 0 | 1 | 1 |
| Виница | 0 | 2 | 2 |
| Гевгелија | 1 | 20 | 21 |
| Гостивар | 12 | 59 | 71 |
| Дебар | 0 | 2 | 2 |
| Делчево | 0 | 40 | 40 |
| Д.Хисар | 0 | 10 | 10 |
| Кавадарци | 0 | 6 | 6 |
| Кичево | 0 | 10 | 10 |
| Кочани | 0 | 8 | 8 |
| Кратово | 0 | 5 | 5 |
| К.Паланка | 4 | 18 | 22 |
| Крушево | 4 | 15 | 19 |
| Куманово | 0 | 24 | 24 |
| М.Брод | 0 | 5 | 5 |
| Неготино | 0 | 4 | 4 |
| Охрид | 0 | 3 | 3 |
| Прилеп | 0 | 1 | 2 |
| Пробиштип | 3 | 4 | 7 |
| Радовиш | 0 | 6 | 6 |
| Ресен | 0 | 13 | 13 |
| Св.Николе | 4 | 39 | 43 |
| Скопје | 0 | 78 | 78 |
| Струмица | 2 | 142 | 144 |
| Струга | 0 | 4 | 4 |
| Тетово | 5 | 13 | 18 |
| Штип | 0 | 7 | 7 |
| Вкупно | 76 | 536 | 612 |

**ТП2 Преглед на број на активни мировни постапки и доверување во ЦСР во период од 1.1-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 5 | 10 | 15 |
| Битола | 32 | 95 | 127 |
| Валандово | 26 | 13 | 39 |
| Велес | 25 | 100 | 125 |
| Виница | 4 | 24 | 28 |
| Гевгелија | 0 | 26 | 26 |
| Гостивар | 5 | 80 | 85 |
| Дебар | 0 | 12 | 12 |
| Делчево | 0 | 32 | 32 |
| Д.Хисар | 4 | 7 | 11 |
| Кавадарци | 2 | 43 | 45 |
| Кичево | 8 | 54 | 62 |
| Кочани | 0 | 44 | 44 |
| Кратово | 0 | 5 | 5 |
| К.Паланка | 4 | 9 | 13 |
| Крушево | 0 | 9 | 9 |
| Куманово | 9 | 126 | 135 |
| М.Брод | 0 | 7 | 7 |
| Неготино | 0 | 39 | 39 |
| Охрид | 12 | 68 | 80 |
| Прилеп | 16 | 95 | 111 |
| Пробиштип | 4 | 14 | 18 |
| Радовиш | 0 | 45 | 45 |
| Ресен | 0 | 7 | 7 |
| Св.Николе | 2 | 17 | 19 |
| Скопје | 155 | 712 | 867 |
| Струмица | 6 | 104 | 110 |
| Струга | 45 | 6 | 51 |
| Тетово | 6 | 143 | 149 |
| Штип | 13 | 63 | 76 |
| **Вкупно** | 378 | 1929 | 2307 |

**ТП3 Преглед на број активни постапкиза уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител во ЦСРво период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 31 | 6 | 37 |
| Битола | 55 | 83 | 138 |
| Валандово | 21 | 2 | 23 |
| Велес | 13 | 48 | 61 |
| Виница | 24 | 8 | 32 |
| Гевгелија | 41 | 7 | 48 |
| Гостивар | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 16 | 9 | 25 |
| Делчево | 0 | 15 | 15 |
| Д.Хисар | 4 | 5 | 9 |
| Кавадарци | 95 | 21 | 116 |
| Кичево | 23 | 8 | 31 |
| Кочани | 0 | 18 | 18 |
| Кратово | 0 | 4 | 4 |
| К.паланка | 21 | 12 | 33 |
| Крушево | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 16 | 44 | 60 |
| М.Брод | 0 | 11 | 11 |
| Неготино | 0 | 5 | 5 |
| Охрид | 100 | 28 | 128 |
| Прилеп | 45 | 34 | 79 |
| Пробиштип | 40 | 2 | 42 |
| Радовиш | 119 | 10 | 129 |
| Ресен | 1 | 0 | 1 |
| Св.Николе | 30 | 16 | 46 |
| Скопје | 560 | 561 | 1121 |
| Струмица | 2 | 108 | 110 |
| Струга | 0 | 20 | 20 |
| Тетово | 16 | 2 | 18 |
| Штип | 12 | 23 | 35 |
| **Вкупно** | 1285 | 1110 | 2395 |

**ТП4 Преглед на број активни постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител во ЦСРво период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 7 | 1 | 8 |
| Битола | 0 | 2 | 2 |
| Валандово | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 0 | 4 | 4 |
| Виница | 2 | 0 | 2 |
| Гевгелија | 1 | 0 | 1 |
| Гостивар | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 0 | 5 | 5 |
| Д.Хисар | 1 | 0 | 1 |
| Кавадарци | 3 | 0 | 3 |
| Кичево | 0 | 0 | 0 |
| Кочани | 0 | 1 | 1 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К.Паланка | 7 | 5 | 12 |
| Крушево | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 0 | 2 | 2 |
| М.Брод | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 0 | 7 | 7 |
| Охрид | 0 | 1 | 1 |
| Прилеп | 1 | 1 | 2 |
| Пробиштип | 1 | 1 | 2 |
| Радовиш | 3 | 1 | 4 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 0 | 1 | 1 |
| Скопје | 35 | 22 | 57 |
| Струмица | 0 | 6 | 6 |
| Струга | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 0 | 0 | 0 |
| Штип | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | 62 | 60 | 122 |

**ТП5 Преглед на број постапки во ЦСРза доверување на дете родено во вонбрачна заедница во период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 0 | 0 | 0 |
| Битола | 1 | 8 | 9 |
| Валандово | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 0 | 8 | 8 |
| Виница | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 3 | 1 | 4 |
| Гостивар | 0 | 9 | 9 |
| Дебар | 0 | 3 | 3 |
| Делчево | 0 | 0 | 0 |
| Д.Хисар | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 4 | 4 |
| Кичево | 0 | 3 | 3 |
| Кочани | 0 | 12 | 12 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К.Паланка | 1 | 0 | 1 |
| Крушево | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 13 | 15 | 28 |
| М.Брод | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 0 | 4 | 4 |
| Охрид | 0 | 3 | 3 |
| Прилеп | 3 | 12 | 15 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | 0 | 2 | 2 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 0 | 5 | 5 |
| Скопје | 8 | 23 | 31 |
| Струмица | 0 | 55 | 55 |
| Струга | 0 | 1 | 1 |
| Тетово | 0 | 13 | 13 |
| Штип | 0 | 21 | 21 |
| **Вкупно** | 29 | 202 | 231 |

**ТП6 Преглед на број постапки во ЦСРза склучување на брак на малолетно лице над 16 години во период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 0 | 0 | 0 |
| Битола | 0 | 3 | 3 |
| Валандово | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 0 | 6 | 6 |
| Виница | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 0 | 1 | 1 |
| Гостивар | 0 | 4 | 4 |
| Дебар | 0 | 7 | 7 |
| Делчево | 0 | 2 | 2 |
| Д.Хисар | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 2 | 2 |
| Кичево | 0 | 2 | 2 |
| Кочани | 0 | 6 | 6 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К. Паланка | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | 0 | 6 | 6 |
| Куманово | 0 | 4 | 4 |
| М.Брод | 0 | 2 | 2 |
| Неготино | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 0 | 10 | 10 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | 0 | 1 | 1 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 0 | 0 | 0 |
| Скопје | 0 | 10 | 10 |
| Струмица | 0 | 19 | 19 |
| Струга | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 0 | 1 | 1 |
| Штип | 0 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | 0 | 85 | 85 |

**ТП7 Преглед на број постапки во ЦСР за измена на судска одлука за доверување во период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 0 | 1 | 1 |
| Битола | 0 | 4 | 4 |
| Валандово | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 0 | 3 | 3 |
| Виница | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 0 | 0 | 0 |
| Д.Хисар | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 2 | 2 |
| Кичево | 0 | 1 | 1 |
| Кочани | 0 | 1 | 1 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К.Паланка | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | 0 | 2 | 2 |
| Куманово | 1 | 8 | 9 |
| М.Брод | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 1 | 6 | 7 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | 1 | 0 | 1 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 0 | 0 | 0 |
| Скопје | 9 | 3 | 12 |
| Струмица | 1 | 6 | 7 |
| Струга | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 0 | 4 | 4 |
| Штип | 1 | 3 | 4 |
| **Вкупно** | 14 | 40 | 54 |

**ТП8 Преглед на број постапки во ЦСРза привремена судска мерка за доверувањево период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 0 | 0 | **0** |
| Битола | 1 | 5 | **6** |
| Валандово | 0 | 0 | **0** |
| Велес | 0 | 2 | **2** |
| Виница | 0 | 0 | **0** |
| Гевгелија | 0 | 0 | **0** |
| Гостивар | 0 | 0 | **0** |
| Дебар | 0 | 0 | **0** |
| Делчево | 0 | 0 | **0** |
| Д.Хисар | 0 | 0 | **0** |
| Кавадарци | 0 | 2 | **2** |
| Кичево | 0 | 0 | **0** |
| Кочани | 0 | 2 | **2** |
| Кратово | 0 | 0 | **0** |
| К.Паланка | 0 | 0 | **0** |
| Крушево | 0 | 1 | **1** |
| Куманово | 1 | 4 | **5** |
| М.Брод | 0 | 0 | **0** |
| Неготино | 0 | 0 | **0** |
| Охрид | 0 | 0 | **0** |
| Прилеп | 0 | 15 | **15** |
| Пробиштип | 0 | 0 | **0** |
| Радовиш | 0 | 0 | **0** |
| Ресен | 0 | 0 | **0** |
| Св.Николе | 0 | 1 | **1** |
| Скопје | 10 | 15 | **25** |
| Струмица | 0 | 9 | **9** |
| Струга | 0 | 0 | **0** |
| Тетово | 0 | 1 | **1** |
| Штип | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | 12 | 57 | 69 |

**ТП9 Преглед на број постапки во ЦСР на примена на мерки на надзор над вршење на родителско право во период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Мерки од НВРП | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 0 | 3 | 3 |
| Битола | 4 | 12 | 16 |
| Валандово | 0 | 1 | 1 |
| Велес | 0 | 3 | 3 |
| Виница | 1 | 2 | 3 |
| Гевгелија | 0 | 2 | 2 |
| Гостивар | 2 | 2 | 4 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 0 | 6 | 6 |
| Д.Хисар | 0 | 2 | 2 |
| Кавадарци | 4 | 7 | 11 |
| Кичево | 0 | 1 | 1 |
| Кочани | 0 | 15 | 15 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К.паланка | 2 | 0 | 2 |
| Крушево | 0 | 2 | 2 |
| Куманово | 0 | 2 | 2 |
| М.Брод | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 1 | 6 | 6 |
| Охрид | 0 | 2 | 2 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0 |
| Пробиштип | 5 | 3 | 8 |
| Радовиш | 0 | 3 | 3 |
| Ресен | 0 | 1 | 1 |
| Св.Николе | 1 | 1 | 2 |
| Скопје | 44 | 60 | 104 |
| Струмица | 2 | 8 | 10 |
| Струга | 0 | 2 | 0 |
| Тетово | 0 | 12 | 12 |
| Штип | 0 | 2 | 2 |
| Вкупно | 66 | 158 | 224 |

**ТП10 Преглед на број на постапки во ЦСРза одземање на родителското право во период од 1.1.-31.12.2022 година**

| ЦСР | Број на постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Пренесени | Нови | Вкупно |
| Берово | 0 | 1 | 1 |
| Битола | 0 | 1 | 1 |
| Валандово | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 0 | 0 | 0 |
| Виница | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 2 | 2 | 4 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 0 | 0 | 0 |
| Д.Хисар | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 1 | 1 |
| Кичево | 0 | 0 | 0 |
| Кочани | 0 | 0 | 0 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К.Паланка | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 0 | 0 | 0 |
| М.Брод | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | 0 | 0 | 0 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 5 | 0 | 5 |
| Скопје | 4 | 6 | 10 |
| Струмица | 5 | 5 | 10 |
| Струга | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 0 | 1 | 1 |
| Штип | 0 | 1 | 1 |
| Вкупно | 16 | 18 | 34 |

**Т 11 Преглед на други постапки на проблематика брак и семејство во ЦСР во 2022 година**

| ЦСР | ПОСТАПКА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Согласност за издавање на патна исправа на дете | Согласност за патување на дете во странство | Постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на дете и за плаќање на издршка | ВКУПНО |
| Берово | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Битола | 11 | 2 | 0 | 13 |
| Валандово | 5 | 1 | 0 | 6 |
| Велес | 49 | 2 | 0 | 51 |
| Виница | 2 | 2 | 0 | 4 |
| Гевгелија | 3 | 3 | 0 | 6 |
| Гостивар | 57 | 4 | 0 | 61 |
| Дебар | 26 | 7 | 0 | 33 |
| Делчево | 19 | 5 | 1 | 25 |
| Д.Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 20 | 2 | 0 | 22 |
| Кичево | 39 | 12 | 0 | 51 |
| Кочани | 28 | 8 | 1 | 37 |
| Кратово | 4 | 3 | 0 | 7 |
| К.Паланка | 4 | 5 | 0 | 9 |
| Крушево | 6 | 0 | 0 | 6 |
| Куманово | 56 | 0 | 0 | 56 |
| М.Брод | 3 | 1 | 0 | 4 |
| Неготино | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 16 | 13 | 0 | 29 |
| Прилеп | 32 | 0 | 2 | 34 |
| Пробиштип | 15 | 6 | 0 | 21 |
| Радовиш | 8 | 4 | 0 | 12 |
| Ресен | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Св.Николе | 13 | 0 | 1 | 14 |
| Скопје | 229 | 113 | 5 | 347 |
| Струмица | 54 | 0 | 0 | 54 |
| Струга | 29 | 5 | 0 | 34 |
| Тетово | 59 | 22 | 1 | 82 |
| Штип | 18 | 6 | 1 | 25 |
| Вкупно | 807 | 226 | 12 | 1045 |